# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНИТЕ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОК. „ ГРАДИШТЕ“ – МЛ. НАГОРИЧАНЕ, 2018г.

Куманово, февруари 2019

1. **Податоци за носителот на дозволата за археолошки истражувања**

Носител на дозволата за археолошки истражувања на лок. Градиште – Мл. Нагоричане, е НУ Музеј Куманово - Куманово.

2. **Податоци за истражувачкиот тим**

Истражувачкиот тим во кампањата 2018 го сочинуваа: Јовица Станковски – раководител, Дејан Ѓорѓиевски - археолог- раководител на сонда, Мирослав Петковски - археолог– раководител на сонда, Фросина Лазаревска – археолог, Славица Цветановска – архитект - документатор.

3. **Приказ на применетата методологија, времето во кое работите се изведувани, обемот, правецот, организацијата и условите на археолошкото истражување:**

Според барањето од страна на НУ Музеј Куманово, УЗКН издаде дозвола за систематско археолошко истражување (УП бр. 08-1191 од 09.10.2018) кое се одвиваше во периодот од **12.10.2018-31.11.2018**.

Методологијата применета во истражувањата во 2016 година подразбира детално истражување и документирање на сите културни слоеви во рамките на квадратните сонди, до утврдување на постоечката здравица или цврста архитектонска стуктура. Теренската документација се води со теренски дневник, во кои се забележуваат сите опсервации за културните слоеви, фото документацијата, и техничка документација за недвижниот и движниот материјал. Теренските основи се уредно исцртани на основи во размер 1:100,1:50, 1:20. Издвоениот движен материјал се фотографира и дообработува во теренски инвентарни книги. На движниот материјал ќе му претстои процес на конзерваторски третман поради состојбата во која е пронајден. Документацијата од истражувањето се состои од техничка документација и истата е направена и во дигитална форма.

Обработката на движниот материјал се изведуваше во НУ Музеј Куманово.

4. **Првични резултати и сознанија од истражувањето**

Ископувањата од 2018 г. беа сондажни, со претходно поставена квадратна мрежа, насочени кон добивање на нови сознанија за локалитетот преку негово сондирање на различни локации. За таа цел, се работеше на веќе истражуваниот највисок дел од локалитетот (но западно и југозападно од истражениот простор) – сонда 18/18 и 20/18; на пониската, карпеста тераса на северниот раб на населбата сонда 19/18 (19а и 19б), како и на просторот помеѓу овие две локации – сонда 21/18 и 22/18.

Сонда 18/18 (кв. 4Д) е поставена ок. 3 м западно од сонда 14/17, со димензии 5x5м. Како и во другите ситуации констатирани на овој дел од локалитетот и тука забележавме дека последниот слој на живеење е спален. За разлика од останатите сонди, каде што има простории ѕидани со неколку реда камен во долниот дел и ѕидови од печени тули, овде имаше интервенции врз природната карпа, во која е всечена мала просторија. Просторијата не е откриена целосно, но има влезна партиција (широка ок.80 см) и е оградена со работена карпа (јужен ѕид: должина 2 м, ширина ок. 40 см, источен ѕид – долж. 2м, висина ок. 60 см). Одвнатре истата била премачкана со груб, неизмазнет малтер, со што во голема мера се разликува од останатите простории пронајдени во највисокиот дел од локалитетот. На источниот ѕид-засек во карпата има додаден камен кој требало да ја нивелира внатрешната ѕидна површина. Подот (381,81)  на всечената просторија е релативно плиток во однос на површинскиот слој (382,42) и претставува нивелирана карпа премачкана со земја. Таа била покриена со тегули, кои се наоѓаат фрагментирани по целата површина на всечената просторија. Карпата е мазнета и јужно од оваа просторија. Таму има поголемо присуство на паднати тегули и имбрекси, како и фрагмент од анта капител, што индицира постоење на трем. Еден поголем, убаво работен камен, со нејасна функција е најден во средишниот дел од сондата (382,31). Движните наоди (ехинус, капак, тегови и фр.керамика) зборуваат дека и овој простор од сондата бил користен за живеење. Траги од гореници врз подот се забележуваат низ целата површина на сондата.

Сонда 20/18 (кв. 5Г) е поставена на истата тераса како и 18/18, ок.7 м западно од сонда 15/17, на јужната половина од акрополниот дел на локалитетот, кон југозападниот агол на просторот и е со димензии 5x5 м. На овој дел, одејќи кон југ, ридот е пострмен, што придонело ерозијата да биде значително поизразена. Веројатно поради тоа, античкиот слој скоро и да го нема тука. Сочуван е само до висина од 380,65м надм. вис., најмногу во источниот, повисок дел од сондата. Претпоставуваме дека во античкиот период, во сондата немало значителни интервенции од градежен тип, па поради тоа слојот се забележува единствено во вид на нанос од бела, малтерна земја. Во југозападниот агол пак, има нанос од окераста, набиена земја (380,03), на висина од само неколку сантиметри од рецентниот слој.

Од исток кон запад, сондата е решена каскадно, и тоа веројатно уште од периодот на железното време. Железнодопскиот слој е релативно добро сочуван, како сива, пепеласта земја. По средината на сондата (правец север-југ) се јавува поголемо количество на расфрлан, крупен камен (средна висина 380,47), веројатно остаток од некој ѕид. Се забележуваат и остатоци од плитар, со отисоци од дрвена структура. Јасно се издвојуваат две помали јами, оградени со камен, веројатно за колци (подно ниво 380,08). Кон јужниот профил имаше остатоци од долен дел на питос, кој во еден дел бил покриен со окерастиот нанос во југозападниот агол. Керамиката е

вообичаена за полното железно време по долината на Пчиња, со канелирани венци на устието и употреба на радло за декорирање.

Сонда 19/18 (кв. 14-13Е) димензии 6х5м, е поставена на северниот раб на локалитетот, на неговиот средишен дел. Индикатор за поставувањето на сондата беа неколку камени скалила издлабени во карпа, во правец север-југ, кои водат до зарамнета терасичка, на која што и ја поставивме сондата. Ситуацијата во самата сонда беше различна од останатите добиени резултати при истражување на локалитетот. Имено, тука целосно отсуствуваат цврстите градби и архитектонските елементи констатирани на другите места на локалитетот. Наместо тоа, во сондата се откри матичната карпа, која во средишниот дел е најиздадена и се протега во правец северозапад-југоисток (2,8м). Врз неа се забележливи интервенции – зарамнети врвови (369,42-369,37), канали во карпата (368,74) и сл. Од наодите имаше неколку керамички тегови-астрагали и пирамидални, како и голема количина на фрагментирана керамика, без стратиграфска издвоеност, од железното време, антиката и хеленизмот. Иако во голем број, од фрагментираната керамика скоро и да не може да се реконструира еден цел сад- се чини дека таа била расфрлана, или пак била користена на мал простор во голем временски период. Ситуацијата во многу наликуваше на ритуалните целини од некои планински светилишта (Кокино е најблискиот пример), па затоа сондата беше проширена (19а, 19б) со димензии 2,5х5, односно 1,5х5. 19а беше поставена во продолжение на издлабените скалила, додека 19б е паралелна со неа. Сондата 19а укажа дека претпоставките за користење на овој простор за ритуални активности се најверојатно оправдани: По качувањето на скалите, се доаѓа до тераса (369,3), на која има нанос од ситен речен камен (369,11) кој гради мала платформа со дијаметар од околу 1м. Северно од неа, има помали јами, како за колци, но без остатоци од кровна конструкција околу нив. Во една од нив (368,75) беше пронајден грбен дел од фрагментирана калапена фигурина (гола, женска?-хиеродула?) и долен дел од калапен предмет (светилка или долен дел-постамент за фигуринка). Источно од неа – сонда 19б, веќе има поголемо количество на камен, кој гради низок, нестабилен подѕид (369,15), а во источниот профил имаше фрагменти од питос и тегули.

На терасата помеѓу сондите 18,20/18 и 19/18 беше поставена пробна сонда 21/18 (кв. 8Д). Со димензии 5х5м, доста брзо ја откри матичната карпа која што на места беше зарамнета и прилагодена за одење (374,95). Во североисточниот агол се појави челниот дел од голем квадарен работен камен (375,25), поради кој ја отворивме сондата 22/18 (кв. 8Д).

Таа е со димензии 5х2,5 со цел да се открие структурата од којашто потекнува каменот. Се покажа дека каменот е дел од еден масивен ѕид, со дебелина околу 70-75 см, изграден од големи квадарни камени блокови (откриени 4, со просечна должина околу 90 см, широки 70-75 см, високи ок. 30 см) со правец југозапад –

североисток (375,25-375,26). Откриен е во должина 3,62 м, и ја дели сондата на половина. Во западната половина е карпата (374,99) на која е поставен ѕидот – врз неа имаше паднати тегули, веројатно од кровот на градбата која ја градел ѕидот. Од источната страна пак карпата е зарамнета и замазнета со набиена земја (375,20), што е индиција за тоа дека тоа е внатрешниот дел од градбата. Што се однесува до самиот карактер на градбата, треба да потенцираме дека се работи за еден од најмасивните ѕидини откриени на локалитетот, па поради тоа веројатно е дека се работи за репрезентативна градба, сочувана само во основата. Иако ваквите камени блокови ги наоѓаме употребени секундарно, или пак во постарите слоеви на локалитетот, првичното датирање на наодите пронајдени на подното ниво укажуваат на хеленистичкиот период, што значи дека била употребувана во широк временски период.

5. **Преземени мерки за заштита на наоѓалиштето и наодите**

Сондите се истражени до ниво на под или карпа. Констатираните ѕидни партии и делови од архитектура се покриени со земја. Движниот материјал е донесен во Н.У. Музеј Куманово, каде што во тек е негов конзерваторски третман.

6. **Податоци за земени и предадени примероци за понатамошни лабораториски анализи**

нема

7. **Место за депонирање на движните археолошки наоди, со копија од документацијата за извршеното примопредавање**

Сиот движен археолошки материјал ќе се чува во просториите на НУ Музеј Куманово, во Куманово, односно во институцијата која е носител на проектот.

8. **Образложение за евентуалните отстапувања од предвидените позиции од основниот план или од условите определени во дозволата за археолошки истражувања**

Нема отстапки од основниот план за работа.

9. **Избор на теренска документација (копија од техничка документација и фотографии, односно фотоснимки, вклучувајќи и копија од обрасците), со која се илустрира целиот процес на реализација на истражувањето**

Избор од техничката и фотодокументација е приложен понатаму во извештајот.

**10. Финансиски извештај**

Доставен во прилог.

**11. Заклучни согледувања и предлози**

Истражувањата од 2018 г.на лок. Градиште – Мл. Нагоричане даваат нови сознанија за употребата на самиот локалитет. Утврдивме дека на највисокиот дел постојат простории всечени во карпа (18/18) и остатоци од железнодопското живеење на локалитетот (20/18). На долната карпеста тераса има интервенции во карпата кои укажуваат на можни ритуални активности (19,19а,19б/18), додека на просторот помеѓу овие две локации постои масивен ѕид од големи камени блокови (22/18) кој е дел од некоја репрезентативна градба која ќе биде истражувана со идните ископувања. Ископувањата на локалитетот даваат значајни сознанија за периодот од 4-2 век пред н.е. Досегашните резултати зборуваат за целосна вклученост на овој дел од Македонија во цивилизациските достигања на Егејот, како преку импорти, така и преку културните автохтони достигања